Уп. бр. 08-9

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Друштво производство, промет и услуги СТЕНТОН ГРАДБА ДОО, с.Долно Оризари Битола, со едиште на 1 с.Долно Оризари Битола и Друштво за градежништво проектирање и изведба ИДАКС ИНТЕРНЕШНЛ ДООЕЛ Охрид со седиште на ул. Охридска Архиепископија бр. 2 Охрид„ преку полномошник Гоце Стојаноски од Битола, на седницата одржана на ден 04.02.2026 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која  Друштво производство, промет и услуги СТЕНТОН ГРАДБА ДОО, с.Долно Оризари Битола, со едиште на 1 с.Долно Оризари Битола и Друштво за градежништво проектирање и изведба ИДАКС ИНТЕРНЕШНЛ ДООЕЛ Охрид со седиште на ул. Охридска Архиепископија бр. 2 Охрид основаат заедничко вложување - Друштво за производство, трговија и услуги Кеи Инвест  ДОО со седиште на 1 бр.1 Долно Оризари, Битола, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да  плати административна такса за известување за концентрација во износ од  6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11,  84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 31.12.2025 а дополнето на 23.01.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од Друштво производство, промет и услуги СТЕНТОН ГРАДБА ДОО, с.Долно Оризари Битола, со едиште на 1 с.Долно Оризари

Битола и Друштво за градежништво проектирање и изведба ИДАКС ИНТЕРНЕШНЛ ДООЕЛ Охрид со седиште на ул. Охридска Архиепископија бр. 2 Охрид, со која СТЕНТОН ГРАДБА ДОО Битола, и ИДАКС ИНТЕРНЕШНЛ ДООЕЛ Охрид основаат заедничко вложување - Друштво за производство, трговија и услуги Кеи Инвест ДОО со седиште на 1 бр.1 Долно Оризари, Битола.
Кеи Инвест ДОО е впишано во Централниот регистар на Република Северна Македонија на 01.09.2025 година.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

СТЕНТОН ГРАДБА ДОО, Битола е со дејност на изградба на станбени и нестанбени згради. СТЕНТОН ГРАДБА ДОО, Битола врши ископ и сепарација на камен агрегат, производство на бетон, проектирање, изградба и надзор над објекти од нискоградба, високоградба, хидроградба, мостови, патишта, транспорт на градежни материјали и други градежни работи.

ИДАКС ИНТЕРНЕШНЛ ДООЕЛ Охрид е специјализирана за обновливи извори на енергија, хидроенергетика и управување со водни ресурси, заштита на животната средина и социјална заштита, урбан развој и инфраструктурни проект, како и геотехнички и сеизмички истражувања.

КЕС ПРОПЕРТИС ДОО Скопје е со дејност производство на електрична енергија од обновливи извори.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 а) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**